РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец април 2018

мај, 2018

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ........ 1

Испит за административно управување ........ 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ........ 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ........ 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ........ 5

Јавни набавки ........ 6

Реализација на буџет ........ 7

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец април 2018 година, примени се 33 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 19 огласи, за вкупно 45 работни места за 45 извршители. За институциите од централната власт објавени се 10 јавни огласи за 31 работно место со 31 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 9 јавни огласи за 14 работни места со 14 извршители. На објавените огласи пријавени се 168 кандидати, од кои 156 на огласи за институциите од централна власт, а 12 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | / | 19 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 10 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 9 | Раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 45 | | 18 | 9 | 4 | 31 | | 3 | 9 | 2 | 14 |
| Извршители | | | 45 | | 18 | 9 | 4 | 31 | | 3 | 9 | 2 | 14 |
| Број на пријавени кандидати | | | 168 | | 27 | 123 | 6 | 156 | | 4 | 7 | 1 | 12 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 7 | 4 | 2 | 2 | / | 4 | 3 | 1 | 3 | 1 | 5 |

*Табела 1. Јавни огласи април 2018*

Во истиот период спроведени се 13 административни селекции за пријавени 178 кандидати, спроведени се 10 испити на кои што се поканети 38 кандидати, од кои полагале 28 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени за 9 огласи на 20 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 9 огласи и предлог за избор на 20 кандидати, а објавени се 9 одлуки за избор на кандидати за вработување од 7 огласи.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 13 | 178 | 10 | 38 | 28 | 9 | 20 | 9 | 20 | 9 | 20 | 7 | 9 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во април 2018*

Во Агенцијата за администрација во месец април 2018 година, примени се 16 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 12 огласи, за вкупно 55 работни места за 55 извршители. За институциите од централната власт објавени се 7 интерни огласи за 35 работни места со 35 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 5 интерни огласи за 20 работни места со 20 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">16</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">12</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>7</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>3</td><td>Раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>55</td><td rowspan="2"></td><td>7</td><td>27</td><td>1</td><td>35</td><td rowspan="2"></td><td>6</td><td>14</td><td>/</td><td>20</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>55</td><td>7</td><td>27</td><td>1</td><td>35</td><td>6</td><td>14</td><td>/</td><td>20</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи април 2018*

# Испит за административно управување

Во текот на месец април 2018 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 16 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 174 кандидати. Од нив на испитот се појавија 143 кандидати, од кои што испитот го положија 94 кандидати или 66%. Од пријавените кандидати, 129 се вработени во јавен сектор, 10 во приватен сектор, додека 4 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 174 | 143 | 94 | 49 | 129 | 10 | 4 |

*Табела 4. Административно управување април 2018*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец април 2018 година, беа поднесени 46 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 5 седници, обработи 43 жалби, од кои 34 жалби се од државни службеници и 9 жалби од јавни службеници. Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени 7, одбиени 18, мериторно уважени 5, мериторно одбиени 2 жалби и 2 жалби се отфрлени како недозволени. Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници, уважена е 1 жалба, одбиени 4, мериторно уважени 2 жалби и 2 жалби се отфрлени како недозволени.

| Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени како недозволени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 34 | 9 | 7 | 1 | 18 | 4 | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | 5 | 2 | 2 | / |

*Табела 5. Обработени жалби во април 2018*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец април 2018 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 26 предмети, од кои 6 се однесуваат на надлежностите на Агенцијата за администрација, а останатите 20 предмети се однесуваат од државните институции, општините и граѓаните и тоа: Уставен суд (1), Министерство за финансии (1), Влада на Република Македонија-Генерален Секретаријат (2), Државно правобранителство (5), Управен суд (2), Физички лица (3), Анонимно (1), Адвокати (2), Инспекциски совет (1), Виш управен суд (1) и Министерство за информатичко општество и администрација (1) .

Во месец април 2018 година, генералниот секретар на Агенцијата учествуваше на Состанок на работната група за подобро регулирање (ПВР) – Совет за регионална соработка, RESPA- Regional School of Public Administration, Сараево, Босна и Херцеговина.

Во истиот период  вработени во Агенцијата за администрација земаа учество како дел од работна група на ИПА проектот EuropeAid „Поддршка на реформата на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА“, во просториите на Агенцијата остварена е првична средба за ISO Стандард „Управување со квалитет“- презентација на ISO 9001:2015, а еден вработен од Агенцијата учествуваше на технолошка конференција, Hewlett Packard Enterprise (HPE) – Technology update-12.

Во просториите на Агенцијата за администрација во периодот од 26.04 до 27.04.2018 година одржана е работна средба на тема „Заштита на правата на државните службеници” одобрена од TAIEX (Инструмент за техничка помош и размена на информации на Европската комисија). Експертската мисија беше водена од страна  на г-ѓа Станка Вучица - претседател на Комисијата за државна служба при Министерството за јавна администрација на Република Хрватска.




*Слика  1. Работна средба на тема Заштита на правата на државните службеници*



*Слика 2. Работна средба на тема Заштита на правата на државните службеници*

На ден 25.04.2018 година на првото продолжение на 32-рата Седница на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на РМ беше разгледан Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2017 година на која присуствуваше директорот, Спасе Глигоров, а на ден 24.04.2018 година на 13-тата седница на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија присуствуваше заменик на директорот, Агрон Сефери, на која на дневен ред беше „Извештајот за напредокот на Република Македонија" од страна на Европската комисија за 2017 година.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 20 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 18 е одговорено, а на 2 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец април 2018 година, утврдена е потреба од започнување на 2 постапки за јавни набавки за кои што се донесени одлуки за јавни набавки, објавени се 4 огласи за јавни набавки на ЕСЈН, донесени се 4 одлуки за избор на најповолен понудувач и склучени се 3 договори за јавни набавки со вкупна вредност од 898.000,00 денари без ДДВ, односно 1.059.640,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 4 | 4 | 3 |

*Табела 6. Јавни набавки април 2018*

# Реализација на буџет

Во месец април 2018 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2018 година | Реализација на буџетот до 30.04.2018 | Реализација на буџетот од 01.04.2018 - 30.04.2018 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|
| **401–основни плати** | 21.462.000,00 | 6.903.417,00 | 1.735.502,00 | 14.558.583,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 7.938.000,00 | 2.552.255,00 | 642.813,00 | 5.385.745,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 23.217,00 | 6.100,00 | 36.783,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.393.195,00 | 808.885,00 | 130.532,00 | 1.584.310,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 300.000,00 | 74.988,00 | 23.735,00 | 225.012,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.500.000,00 | 711.207,00 | 299.968,00 | 1.788.793,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.700.000,00 | 457.761,00 | 124.444,00 | 1.242.239,00 |
| **426-други тековни расходи** | 300.000,00 | 138.986,00 | 26.956,00 | 161.014,00 |
| **464-разни трансфери** | 15.000,00 | 15.000,00 | 15.000,00 | 0 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 141.168,00 | 141.168,00 | 0 | 0 |
| **480-купување на опрема и машини** | 450.637,00 | 9.300,00 | 0 | 441.337,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 3.000.000,00 | 2.845.906,00 | 2.079.000,00 | 154.094,00 |
| ВКУПНО | **40.260.000,00** | **14.682.090,00** | **5.084.050,00** | **25.577.910,00** |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*